ЕУ за владеење на правото (IPA 2021)
**Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање:**
Транспарентно и одговорно финансирање на климатските промени за спречување на корупција



Центар за економски анализи (ЦЕА), Скопје

# АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИК за локалните бизниси

## ИЗВЕШТАЈ: Познавање, зелена инвестициска подготвеност, транспарентност на општинските зелени набавки, ризик од корупција, доверба и партиципација

*Трет аналитички слој кон основниот наративен извештај и кон извештајот за композитни индекси*

*Скопје, септември 2026 година*

Ко-финансирано од Европска Унија

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија*

**Грант договор**

**“Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата”**

**Договор бр.
2025/488-600**

## Генерални информации

| | |
|---|---|
| Број на грант: | 2025/488-600 |
| Спроведувач на проектот: | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| Вид на проект: | Грант „ЕУ за владеење на правото“ (ИПА 2021) / Grant EU for Rule of Law (IPA 2021) ) |
| Програма | EuropeAid/183031/DD/ACT/MK |
| Наслов: | Проект: Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање: Транспарентно и отчетно климатско финансирање за спречување на корупцијата |
| Краток наслов: | Климатски финансии |
| Датум на почеток на проектот: | 3/12/2025 |
| Датум на завршување на проектот: | 02/06/2028 |
| Линк: | (доколку е применливо) |

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија*

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот

## Кратка содржина

Executive Summary ........ 3
1. Извршно резиме ........ 5
2. Вовед и контекст ........ 8
3. Методологија на истражувањето ........ 9
4. Информираност за климатско/зеленото финансирање и подготвеност за инвестиции ... 12
5. Пазарно учество во општинските зелени набавки ........ 14
6. Оценка на транспарентност при распределбата на зелените средства и точки на ризик 16
7. Доверба во локалната самоуправа ........ 18
8. Партиципација и консултации со бизнис секторот и идно учество ........ 18
9. Композитни индекси како вкупна слика ........ 20
Заклучоци и препораки ........ 24
Анекс 1. Матрица на бодување на индексите ........ 27
Анекс 2. Прашања од инструментот ........ 28

# Executive Summary

This report synthesizes survey findings from the local business sector serving as a third analytical layer, it evaluates local enterprises both as service users/stakeholders and as economic operators competing for municipal tenders.

While local businesses display higher overall awareness and more favourable views of municipal practices than citizens, this positive outlook is heavily skewed by companies that actively secure public contracts. The majority of local businesses have no direct experience with municipal green procurement, leaving them unable to assess process transparency.

## Key Thematic Findings

- ***Awareness & Understanding***: 63.7% of surveyed businesses demonstrate familiarity with climate/green financing, with 28.8% actively tracking funding opportunities. However, 24.0% cannot connect these concepts to their commercial operations, and 12.3% are completely unfamiliar.
- ***Green Investment Readiness***: 25.3% of firms have already completed green investments (e.g., photovoltaics, energy efficiency, clean equipment), and 27.4% plan to invest within 12–24 months. Notably, 28.8% cite high costs and lack of financial support as their primary barrier, showing that capital access - rather than lack of commercial interest - is the main obstacle to green transition.
- ***Market Access & Procurement Participation***: 80.1% of businesses have never submitted a bid for municipal environmental, energy efficiency, or infrastructure tenders. Only 6.8% regularly participate and win contracts, while 13.0% have submitted bids but were never selected. This points to a highly restricted market for local green public contracts.
- ***Perceptions of Transparency:*** 53.4% of businesses lack sufficient information or experience to rate municipal green tender transparency. Among the 68 firms able to evaluate the process, 35.3% view it as fully transparent, 48.5% as partially transparent (citing delayed disclosure), and 16.2% as non-transparent or predetermined.
- ***Corruption Risk Identifiers***: 55.5% of businesses identify specific corruption risks, primarily during project execution (substandard quality, overpriced invoicing, delayed deadlines at 31.5%). Political influence/patronage is cited by 18.5%, and tailored tender criteria by 5.5%.
- ***Trust & Dialogue:*** Overall trust in local government regarding green fund management averages 2.68 on a 1–5 scale (where 1 represents the highest trust). Furthermore, 54.1% of firms state their municipality has never consulted them on local environmental plans or tax policies, while 27.4% view existing consultations as purely formal.

## *Core Analytical Insights & Business Divergence*

- ***The Winner/Non-Participant Divide:*** The primary divide in the business sector lies between contract winners and non-participants. The 10 regular tender winners rate municipal transparency at 95.0/100, perceive corruption risk at a minimal 13.3/100, and record trust at 75.0/100. Conversely, firms that bid but were never selected perceive corruption risk at

54.4/100. The 117 non-participating firms remain mostly uninformed (61.5% unable to rate transparency).

- ***Information as a Gateway:*** High conceptual awareness strongly correlates with investment readiness (r = 0.64), but does not reduce perceived corruption risk (r = -0.13). Financial barriers cited by firms are often information barriers; when companies understand available grants or tax incentives, perceived financial obstacles decline sharply.
- ***Future Engagement Preferences***: 44.5% of businesses express interest in future project involvement, favouring capacity-building on accessing international green funds (35.6%) over co-design workshops (11.6%) or expenditure monitoring forums (16.4%). Capacity building serves as the optimal entry point for business sector engagement.

# 1. Извршно резиме

Овој извештај ги сумира наодите од анкетата спроведена кај бизнис секторот во рамките на истиот проект во кој се реализирани основниот наративен извештај и дополнителниот извештај со шесте композитни индекси со граѓаните. Анкетата на одговорите на бизнисите дава комплементарен и дополнителен слој на информации. Додека првите два документа даваат преглед за тоа како граѓаните ја перципираат општината, овој документ дава преглед на перцепцијата на локалните бизниси од две позиции и како корисник на услугите и засегната страна но, и како економски оператор. Извештајот се базира на 146 одговори од правни субјекти во деветте избрани пилот општини.

Општата слика според гледиштето на локалните претпријатија се разликува од онаа кај граѓаните, но не доволно да се смета како противтежа на наодите за граѓаните која обезбедува подобра просечна оценка. Локалниот бизнис сектор има повисок степен на свесност – во смисла на познавање - за поимот и значително поповолна оценка за управувањето и општинската пракса, но само меѓу претпријатијата што имале искуство со таа практика.

Најголемиот дел од примерокот изјавил дека нема искуство со постапките на општините кои вклучуваат јавни набавки и активности кои се поврзани со унапредување на животната средина и справување со климатските промени, па оттука и немаат доволно информации за да ја проценат транспарентноста во процесот на распределба на јавните буџетски средства и фондови во оваа област. Половина од одговорите се од претпријатија коишто даваат оценка за општината меѓутоа немаат директно искуство, додека другата половина - со искуство - е поделена на претпријатија кои се добитници на јавни набавки и на претпријатија кои учествувале во јавните набавки но, никогаш не биле избрани.

### Клучни наоди по теми

- ***Познавање на концептот и поимот -*** Со поимот климатско или зелено финансирање според сопствена осамооценка, претпријатијата изјавиле дека се запознаени до некое ниво - 63,7% од анкетираните претпријатија, а 28,8% велат дека одлично го познаваат и активно ги следат можностите за финансирање. Дополнителни 24,0% слушнале за поимот, но не знаат или не можат да го поврзат со нивната деловна работа, и 12,3 % првпат слушаат – не им е воопшто познат концептот или поимот.
- ***Подготвеност за „зелени инвестиции“ -*** 25,3% од претпријатијата кои се дел од анкетата, изјавиле дека веќе имаат реализирано „зелени инвестиции“, и дополнителни 27,4% планираат инвестиции во следните 12 до 24 месеци. Третата категорија од 28,8% изјавиле дека не инвестирале или не планираат ваков вид на инвестиции бидејќи сметаа дека е премногу скапо и немаат доволно поддршка – соодветен пристап до средства, што укажува дека за повеќе од четвртина од претпријатијата отсуството на инвестиции не е примарно резултат на недостаток на интерес туку повеќе на бариери поврзани со пристап до поволни средства за ваква намена. И остатокот од бизнисите од 18,5% ја оценуваат темата како нерелевантна за природата на нивниот бизнис.
- ***Учество и конкуренција во јавните набавки -*** најголем дел - 80,1% од претпријатијата никогаш не учествувале во постапка за јавна набавка преку доставување на понуда на општински тендер поврзан со инфраструктура, енергетска ефикасност или поврзана набавка за животната средина. Учествувале, но никогаш не биле избрани 13,0%, а редовно учествуваат и биле добитници на тендери 6,8% од

претпријатијата. Оттука индикативно е дека на пазарот на локалните јавни набавки за работи и услуги - инвестиции поврзани со животната средина е ограничен за најголем дел од локалните претпријатија кои се опфатени во примерокот.

- ***Перцепција за транспарентност во расподелбата на буџетски средства и други фондови -*** најчестиот одговор на прашањето за транспарентноста на распределбата на субвенциите и тендери поврзани со зелени инвестиции е неутрална. Половина од испитаниците (53,4%) изјавиле дека не располагаат со доволно информации или практично искуство за да можат да дадат соодветна оценка. Додека меѓу 68-те претпријатија што сепак даваат оценка, 35,3% ги оценуваат процесите како целосно транспарентни, 48,5% како делумно транспарентни со споделување на задоцнети информации за трошењето на буџетските средства, а 16,2% дале оценка дека процесите се целосно нетранспарентни и однапред договорени.
- ***Ризик од корупција -*** Точки на ризик идентификуваат 55,5% од претпријатијата, додека 44,5% изјавиле дека нема никаков ризик. Најчесто посочената точка на ризик е фазата на изведба на проектите, односно слаб квалитет со преплатени фактури и пробиени рокови, кај 31,5 %. Политичките влијанија и бизнис врските ги наведуваат 18,5%, и наместените тендерски критериуми 5,5 %. Ова претставува перцепција а не утврдена корупција.
- ***Доверба во локалната власт -*** Довербата во локалната самоуправа за одговорно управување со еколошките и климатските јавни средства е поделена, со средна оценка од 2,68 на скала од 1 до 5, каде еден е највисока доверба. Позитивните оценки еден и два ги даваат 43,2%, негативните четири и пет 28,1%, а средна неутрална оценка даваат 28,8%.
- ***Консултации и учество*** – според изјавите за степенот на вклученост и учество на локалниот деловен сектор во носењето на одлуките за општината поврзани со животната средина, најголем дел изјавиле дека општината никогаш не ги прашала за мислење при креирањето на локалните планови, буџети или даночни политики - 54,1% од испитаниците. Дополнителни 27,4 % велат дека консултациите постојат, но се само формални и предлозите ретко се прифаќаат. Редовна соработка и вистински јавно-приватен дијалог потврдуваат 18,5%. Ваквиот наод се совпаѓа и со наодите на граѓаните со што индикативно е дека консултациите со чинителите во локалните заедници е слаба алка во буџетскиот процес што веројатно се рефлектира и во слабиот квалитет на надзорот во работењето на локалната власт.
- ***Интерес за идно вклучување -*** Барем една активна форма на вклучување избираат 44,5% од претпријатијата, а најпобарувана е унапредување на знаење за пристап до меѓународни зелени фондови, кај 35,6%. Формите следење и надзор на трошењето ги интересираат значително помалку - 16,4%, додека работилниците за ко-дизајн на мерки во фазата на планирање - 11,6%. Истовремено, 59,6% избрале дека сакаат само информации за резултатите, што повторно се совпаѓа со изјавите на граѓаните, која оди во насока на интерес за поголема отчетност од страна на локалната власт.

## Клучни заклучоци

- ***Поделба на бизнисите на добитници на јавни набавки и оператори надвор од процесите -*** Најдоследен образец во анкетата со локалните претпријатија не се јавува по локација, сектор на деловно работење или пак големина, но се јавува кај оние локални бизниси кои изјавиле дека учествувале и

добиле договори преку јавни набавки на општините. Десетте претпријатија кои изјавиле дека редовно учествуваат и добиваат тендери, сопствената општина ја оценуваат со просечна оценка за транспарентност од дури 95,0 (од 100), со ниска оценка за перципиран ризик од корупција, од само 13,3, висока доверба во работењето на општината 75,0 и подготвеност за инвестирање од 96,7. Истовремено, деветнаесетте компании коишто учествувале во јавни набавки како понудувачи но, никогаш не биле избрани имаат речиси четирикратно повисок перципиран ризик од корупција, 54,4, и најнегативна оценка во фазата на реализација на проектите финансирани од општинските буџети. Останатите 117 претпријатија, оние што никогаш не учествувале во постапките за јавни набавки, во 61,5% од случаите воопшто не можат дадат оценка за транспарентноста на нивната општина. Оттука, може да се укаже дека просечната позитивна оценка на бизнис секторот, не е одраз на општо задоволство, туку резултат на два елементи: високото задоволство на мал број на економски оператори коишто имаат пристап до јавните средства за оваа намена (лимитиран пазар), и високата неинформираност на голем дел од бизнисите што немаат пристап до средствата.

- ***Информираноста на локалните бизниси за зелените инвестиции води кон повеќе инвестиции, но не обезбедува поголема доверба*** **–** Корелација на ниво на компанија покажува дека индексот на познавање на концептот за зелено инвестирање е најсилно поврзан со подготвеноста за зелени инвестиции на бизнис секторот (коефициент од 0,64), и речиси воопшто не е поврзан со перцепираниот ризик од корупција (коефициент од минус 0,13). Меѓу фирмите што одлично го познаваат поимот, 69,0% веќе реализирале зелена инвестиција; меѓу оние што првпат слушаат за него, ниту една, а 72,2% велат дека темата не им е релевантна. Истовремено, оценката за транспарентноста на општините и довербата во нив се тесно поврзани помеѓу себе, (коефициент од 0,68), а двете се негативно поврзани со перцепираниот ризик.

- Општиот заклучок се совпаѓа со наодот од извештајот за индексите кај граѓаните, дека ***информирањето има мерлива корист,*** но таа корист кај бизнисите е во потенцијално ***зголемување во приватни инвестиции и пристап до средства***, но не во подобрена надзорна улога на деловните субјекти во процесите на управување на средствата од буџетот на општините за зелени намени. Оттука, информирањето и зголемувањето на капацитетите веројатно ќе го зголеми бројот на бизниси коишто конкурираат за зелени фондови и што ги реализираат мерките за енергетска ефикасност. Но овие активности сами по себе нема да ја зголемат довербата ниту да ја намалат перцепцијата за ризик - за што потребна е промена во праксата на општината, првенствено во критериумите но и во јавно и навремено објавување на резултатите од доделените зелени тендери.

## 2. Вовед и контекст

Климатското финансирање на локално ниво ги опфаќа јавните, донаторските и европските средства наменети за енергетска ефикасност, обновлива енергија, заштита од поплави и пожари, урбано зеленило и други еколошки и климатски мерки. Во Северна Македонија тие средства сѐ повеќе се насочуваат преку општините, што ги прави локалните самоуправи истовремено и корисници на овие средства но и носители на одлуки по поставување на приоритетите за трошење на средствата. Основниот наративен извештај од ова истражување ја мери перспективата на граѓанинот со дополнителен извештај со кој се изведоа шест композитни индекси.

Деловниот сектор и неговата позиција е структурно различна од онаа на граѓаните по најмалку три основи. Прво, бизнисите не се само даночни обврзници, туку се и директни корисници на средствата како на субвенции, даночни олеснувања и фондовите за енергетска ефикасност итн. Второ, претпријатијата се и економски оператори кои учествуваат во општинските тендерски постапки за инфраструктура и енергетска ефикасност на отворен пазар. Трето, бизнисите имаат два спротивни интереси - повеќе причини од граѓаните да ги следат процедурите, но и повеќе причини да не ги критикува јавно, бидејќи истата општина издава одобренија, наплаќа комунални такси и одлучува за идни јавни набавки. Поради тоа анкетата со бизнисите не може да се чита како независна проверка на наодите добиени од граѓаните, туку како дополнителна перспектива со поинакви ограничувања, која дава дополнителни информации што пак анкетата на граѓани по конструкција не може да ги даде за обемот на локални бизниси што се обиделе да влезат на пазарот на општински зелени набавки, што ги спречува да инвестираат, да се лоцира ризикот и слично.

Анкетата со бизнисите ја им токму и таа цел да даде уште еден слој на информации за креирање на поцелосна слика. Преку увид во нивото на познавање на локалниот бизнис сектор за климатско/зелено финансирање како концепт; да се добие впечаток за досегашната и планираната зелена инвестициска активност локалните претпријатија; да се добие впечаток како бизнисот ја оценува транспарентноста на општината при распределбата на трошењата за зелени цели како што се еколошките субвенции и доделувањето на зелените тендери, и каде го лоцира ризикот од корупција; да се добие впечаток за довербата во локалната самоуправа и досегашното искуство со консултации на бизнис секторот; да се види дали постои интерес за идно вклучување во активности како планирање, работилници, и слично. Дополнителна, методолошка цел е да се воспостави сет композитни индекси за бизнис секторот, конструирани по истата логика како индексите кај граѓаните.

# 3. Методологија на истражувањето

**Инструмент и реализиран примерок -** Прашалникот е спроведен онлајн, со дванаесет прашања: три за профилот на субјектот, осум содржински и едно отворено за контакт податоци. Реализирани се 146 одговорени прашалници. Собирањето е спроведено преку каналите на проектот и на локалните партнери, но не е репрезентативен, што претставува основно ограничување на анализата.

Распределбата по општина приближно ја следи големината на општините, но не и планираниот дизајн: Гази Баба, Делчево и Струга заедно даваат 48,0 % од сите одговори, додека Босилово со осум и Боговиње со десет одговори се на границата под која поединечна општинска вредност престанува да биде употреблива за толкување. За разлика од анкетата на граѓани, тука нема планирана квота по општина и нема пондерирање.

*Графикон 1. Одговори по општина*




*Графикон 2. Одговори по големина на претпријатието*




Структурата по големина е блиску до структура на македонското стопанство, во кое микро и малите претпријатија доминираат: 45,9% од одговорите доаѓаат од микро претпријатија и занаетчии, 36,3% од мали, 15,8% од средни и 2,1%, односно три одговори, од големи претпријатија, поради што категоријата на големите претпријатија не се толкува самостојно во извештајот.

По сектор, повеќе од половина од одговорите, 54,1%, се занимаваат со трговија, услуги, туризам и угостителство, а 32,2% со производство, индустрија и градежништво. Втората група е аналитички порелевантна, бидејќи градежништвото и производството се секторите што најчесто се јавуваат на општински зелени и инфраструктурни тендери. Земјоделството со девет и информациската технологија со осум одговори се прикажани таму каде што нивните вредности се издвојуваат.

*Графикон 3. Одговори по сектор на примарна дејност*




**Композитни индекси за климатско финансирање за деловен сектор -** Како и во извештајот за индексите кај граѓаните, поврзаните прашања се сведени на композитни показатели на скала од 0 до 100. Причините за креирање на композитни индекси се истите: композитниот показател е полесен за комуникација отколку одделни проценти, индексите овозможуваат директна споредба во евентуално повторување на анкетата, и комбинирањето на прашања ја намалува тежината на случајна варијација кај поединечните прашања.

*Табела 1. Преглед на индексите за бизнис секторот – Што мери секој индекс*

| Индекс | Што мери | Составни прашања | Валидни одговори | Насока на толкување |
|---|---|---|---|---|
| **BAI - Свесност /препознавање** | Дали претпријатието го препознава и активно го следи климатското и зеленото финансирање | Прашање 4 | 146 | повисоко = подобро |
| **BTI - Транспарентност** | Како фирмата ја оценува распределбата на еколошките субвенции и зелените тендери | Прашање 7 | 68 | повисоко = подобро |
| **BPI - Партиципација** | Досегашни консултации и идна подготвеност за вклучување | Прашања 10 и 11 | 146 | повисоко = подобро |
| **BCRI - Интегритет/Ризик од корупција** | Дали и каде фирмата лоцира точка на ризик во општинските климатски проекти | Прашање 8 | 146 | ВНИМАНИЕ: повисоко = ПОЛОШО |
| **BTRI - Доверба** | Доверба во локалната самоуправа за управување со еколошките и климатските пари | Прашање 9 | 146 | повисоко = подобро |
| **BGRI - Зелена подготвеност** | Реализирани и планирани инвестиции во зелена транзиција | Прашање 5 | 146 | повисоко = подобро |

Три методолошки одлуки.

- Исклучување наместо неутрална вредност - Кај прашањето за транспарентност, одговорот дека испитаникот нема доволно информации за да процени не се засметува ниту како најдобра ниту како најлоша можна оценка, туку се исклучува и од броителот и од именителот. За конзистентност која одговара со применета кај одговорите „не знам“ во индексите за граѓаните. Практичниот ефект е значаен бидејќи на тој начин BTI е пресметан врз основа на 68 наместо на 146 одговори, што е ограничување на овој индекс.

- Градирање на индексот на ризик - Прашањето за ризик од корупција дозволува само еден одговор, па индексот не е збир на повеќе ставови, туку градирана оценка на посочената точка. Отсуство на ризик носи нула, слабиот квалитет на изведба со преплатени фактури носи 66,7, а двете намерни форми - наместени критериуми и политички влијанија - носат 100, бидејќи се однесуваат на фазата на одлучување и доделување, а не на фазата на изведба.
- Скалесто бодување на партиципацијата - Прашањето за идно вклучување е со повеќекратен избор, па индексот е конструиран по највисоката избрана форма на ангажман: ко-дизајн 100, јавно-приватен дијалог 75, едукација 50, а само информации за резултатите 15. Логиката е дека ко-дизајнот бара највисок праг на ангажман, додека едукацијата носи и директна корист за самата фирма и затоа не е показател за надзорна намера со иста тежина.

Композитниот показател за локално управување - е просек од транспарентноста, партиципацијата и довербата. Тој не е нумерички идентичен со показателот за управување кај граѓаните, кој е просек од транспарентноста, отчетноста и партиципацијата, бидејќи прашалникот за бизниси не содржи прашање за перципиран надзор и контрола над трошењето.

Индексите се пресметани поединечно за секоја фирма, а потоа е земен непондериран просек. Пондерирање по население не е применето, бидејќи примерокот не е репрезентативен за структурата на фирмите и не постои основа спрема која би се пондерирал.

**Ограничувања -** Ограничувањата на овој инструмент се поголеми од оние кај анкетата на граѓани и треба да се земат предвид со секој од наодите што проилегува поради големината на примерокот.

- *Примерокот е само-селектиран* - претпријатијата сами одлучиле да одговорат. Маргина на грешка не се пресметува, бидејќи не е применливо кај ваков примерок; наведените квалитативни податоци се опис на овие 146 претпријатија, и не претставуваат процена за стопанството.
- *Одговорите за транспарентноста и корупцијата подлежат на ефектот на општествено посакувани одговори* - претпријатието кое одговора зависи од општината за добивање одобренија, инспекциски надзори и учество во идни јавни набавки. Поради тоа, податокот дека 44,5% од претпријатијата го избрале одговорот ‘нема никаков ризик’ во прашањето треба да се толкува во овој контекст, а не исклучиво како објективна оценка. За споредба овој процент значително отстапува од наодите кај граѓаните, каде 57% сметаат дека корупцијата е широко распространета.
- *Мал број на испитаници по општина* - Податоците по општини се добиени од мал број одговори (помеѓу 8 и 29), а кај индексот на транспарентност некаде на три одговори поради што се соодветно означени и не се користат за споредба или рангирање на општините.
- *Насоката на скалата за прашањето за доверба не е дефинирана туку логички изведена* **-** преку анализа на врската со другите одговори, утврдено е дека пониските оценки (околу 1,6 – 1,7) доаѓаат од компаниите кои ги оценуваат процесите како транспарентни и редовно соработуваат со општината, додека повисоките оценки (над 2,9 – 4,0) доаѓаат од оние кои дале ниска оценка за транспарентноста и помалку консултираните претпријатија.

- *Индексите не се идеално споредливи со оние кај граѓаните* - двата сета се изведени од различни прашалници и прашања и нивната споредба укажува на насока и образец, а не егзактна разлика во поени и така треба да се толкува.

## 4. Информираност за климатско/зеленото финансирање и подготвеност за инвестиции

Како и кај граѓаните, секој облик на деловно учество во зелената транзиција започнува со тоа дали претпријатието воопшто знае што постои на располагање. Прашањето е поставено директно, со наведени примери - фондови, субвенции и даночни олеснувања за енергетска ефикасност, обновливи извори и намалување на отпад - што значи дека мери поттикната, а не спонтана свесност, па оттука се очекувано повисоки.

*Графикон 4. Запознаеност со поимот климатско или зелено финансирање*




Резултатот покажува дека темата е позната, но операционализирана кај мал број. Според само-оценката дека се одлично запознаени и активни во следењето на можностите се 28,8%, делумно запознаени, без детални информации, се 34,9% - заедно 63,7% со некакво препознавање. Третата категорија со 24,0% слушнале за поимот, но не знаат како се применува кај нив, што не рефлектира незнаење за постоењето на средствата, туку повеќе незнаење за постоење до постапките за апликација. И првпат слушаат 12,3%.

Индексот на информираност (свесност) изнесува 60,0 од можни 100 поени, што го прави највисок меѓу шесте анализирани индекси во бизнис-секторот (слично како и кај граѓаните). Познавањето на овој концепт покажува правопропорционален раст во однос на големината на компанијата: 44,3 кај микро-претпријатија, 64,8 кај малите, 89,9 кај средните и максимални 100 кај големите компании. Разликата од над 45 индексни поени помеѓу микро и средните претпријатија е најизразен јаз. Причината за овој јаз е од системска/ресурсна природа, а не прашање на мотивација во услови кога средните компании располагаат со вработени или надворешни консултанти кои ги следат пристапите до ваквите извори на финансирање, додека кај микро-претпријатијата оваа функција не постои. Оттука, дизајнирање на форми за унапредување на знаењето и информираноста не треба да биде заснована врз пасивно информирање (односно очекување дека компаниите сами ќе ја бараат информацијата), бидејќи речиси половина од субјектите ќе бидат изоставени.

Прашањето за досегашните и планираните инвестиции во зелена транзиција, климатски промени, енергетска ефикасност и слично го мери веќе реализирано однесување, а не став. Затоа е и најсилниот показател во инструментот: тоа што фирмата навистина инсталирала фотоволтаици, изолирала објект или купила еколошка машина не зависи од тоа како се чувствува спрема општината.

*Графикон 5. Инвестиции во зелена транзиција*




Реализирана зелена инвестиција изјавиле 25,3% од фирмите, и дополнителни 27,4% планираат да инвестираат во следните 12 до 24 месеци, што значи дека 52,7% од примерокот е или веќе во зелената транзиција или на нејзиниот праг. Од другата страна, 28,8% не инвестирале затоа што сметаат дека е премногу скапо или затоа што немаат поддршка, а 18,5% ја оценуваат темата како неважна за својот бизнис. Индексот на зелена подготвеност изнесува 53,2.

Разликата меѓу двете негативни категории е значаен наод бидејќи претпријатијата што одговориле дека е „премногу е скапо и немаме поддршка“ има препознаена потреба и препознаена бариера - побарувачка што чека инструмент. Претпријатијата пак кои изјавуваат дека „не е релевантно за нас“ немаат потреба и не е предмет за мерка за финансирање. Со 28,8 наспроти 18,5%, латентната побарувачка во овој примерок е поголема од вистинската незаинтересираност, што укажува на потреба од програма за поддршка, а не само за информирање.

*Табела 2. Инвестициски статус според нивото на свесност (ред = 100 %)*

| Ниво на свесност | Веќе инвестирале | Планираат 12–24 м. | Премногу скапо / без поддршка | Не е релевантно | број на фирми |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одлично запознаени** | 69,0% | 19,0% | 2,4% | 9,5% | 42 |
| **Делумно познато** | 11,8% | 49,0% | 29,4% | 9,8% | 51 |
| **Слушнале, без примена** | 5,7% | 17,1% | 62,9% | 14,3% | 35 |
| **Првпат слушаат** | 0,0% | 5,6% | 22,2% | 72,2% | 18 |

Табелата ја покажува следната слика. Меѓу одлично запознаените фирми, 69,0% веќе инвестирале и само 2,4% ја наведуваат цената како пречка. Меѓу оние што слушнале за поимот но, не знаат како се применува, цената станува доминантна пречка - кај 62,9%. Меѓу

оние што првпат слушаат, ниту една фирма не инвестирала, а 72,2% велат дека темата не е релевантна.

Високите трошоци (цената) се наведуваат како главна бариера кај деловните субјекти кои не се запознаени со начинот на користење на средствата. Спротивно на нив, кај информираните компании кои ги познаваат финансиските инструменти, финансиската пречка речиси целосно исчезнува. Ова укажува на тоа дека кај голем дел од компаниите, перцепираната 'финансиска бариера' во суштина е информациска бариера бидејќи поддршката во форма на субвенции, грантови или даночни олеснувања е достапна, но не се користи поради немање пристап за информации за нејзиното постоење или пак за начинот на аплицирање-користење. Ваквото преклопување помеѓу реалниот дефицит на средства и недостатокот на информации е аргумент за поставување на обуките за пристап до зелени фондови. (неможноста да се разликува „нема пари“ од „не знам за парите“)

## 5. Пазарно учество во општинските зелени набавки

Прашањето за учество на општински тендери поврзани со инфраструктура, енергетска ефикасност или животна средина ја определува позицијата на фирмата спрема самиот механизам преку кој климатските финансии се трошат.

*Графикон 6. Учество на општински зелени и инфраструктурни тендери*




Дури 80,1% од фирмите никогаш не учествувале на општински тендер од овој вид. Учествувале, но никогаш не биле избрани, 13,0%, односно деветнаесет фирми. Редовно учествуваат и добивале тендери 6,8%, односно десет фирми. Дури и со сите ограничувања на самоселектиран примерок, ова е показател за исклучително тесна база на понудувачи на локално ниво. Кога четири од пет фирми никогаш не влегле во постапка, конкуренцијата во општинските зелени набавки не се одвива меѓу многу учесници, а без конкуренција ниту транспарентноста ниту вредноста за вложените пари не можат да бидат проверени од самиот пазар.

Трите групи, потоа, не се разликуваат само по едно прашање. Тие се разликуваат по сите шест индекси истовремено и во иста насока, што е образец што не може да се објасни со случајна варијација.

*Графикон 15. Индексите според искуството со општински зелени тендери*




*Табела 3. Индексите според искуството со општински зелени тендери*

| Група | BAI | BTI | BPI | BCRI | BTRI | BGRI | BGOV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовно учествуваат и добивале (n=10)** | 93,3 | 95,0 | 67,5 | 13,3 | 75,0 | 96,7 | 79,2 |
| **Учествувале, но не избрани (n=19)** | 64,9 | 57,7 | 45,8 | 54,4 | 61,8 | 59,7 | 55,0 |
| **Никогаш не учествувале (n=117)** | 56,4 | 52,2 | 31,0 | 46,2 | 56,0 | 48,4 | 43,9 |
| **ВКУПНО (n=146)** | **60,0** | **59,6** | **35,4** | **45,0** | **58,0** | **53,2** | **47,8** |

*Кај BCRI повисока вредност значи поголем перципиран ризик, односно полош резултат.*

Десетте фирми што редовно учествуваат и добиваат тендери имаат вредности што во секој друг контекст би се читале како идеални: транспарентност 95,0, зелена подготвеност 96,7, свесност 93,3, доверба 75,0 и перципиран ризик од само 13,3. Во суровите одговори, девет од десет ги оценуваат процесите како целосно транспарентни и фер, ниту една не одговорила дека не може да процени, а осум од десет избрале дека нема никаков ризик од корупција. Ова е групата со најдобра информираност и најдобар пристап истовремено. Нивната оценка е можеби искрена но по конструкција е оценка на оние што системот ги избрал.

Деветнаесетте фирми што учествувале и никогаш не биле избрани се најинформативната група, бидејќи имаат директно процедурално искуство без интерес да ја бранат постапката. Нивниот перципиран ризик изнесува 54,4 повеќе од четири пати повисок од оној кај добитниците. Најчесто посочената точка на ризик кај нив е фазата на изведба -кај 42,1%, следена од политичките влијанија и бизнис врските - кај 26,3%; ниту една не посочила наместени тендерски критериуми. Тоа е важна нијанса бидејќи фирмите што реално ја поминале постапката, во просек, не тврдат толку дека документацијата е однапред скроена, колку што дека проблемот е во тоа што се случува откако договорот е потпишан. Тоа е и најпроверлив вид сомнеж, бидејќи фазата на изведба има документиран траг на документи - анекси, промени во цената, продолжени рокови и слично.

Кај 117-те компании без претходно искуство, преовладува дефицитот од информации, а не негативната перцепција, бидејќи 61,5% од нив не можат да го проценат нивото на транспарентност, додека само 10,3% го оценуваат како целосно транспарентно. Ваквото отсуство на искуство рефлектира и со најниска стапка на учество (партиципација) од 31,0

индексни поени. Токму оваа целна група е главен фокус на препораките, со оглед на нејзиниот висок потенцијал и потреба од поддршка.

Клучниот проблем што го покажуваат податоците не е тоа што компаниите ги сметаат постапките за нерегуларни (корумпирани), туку фактот што мнозинството воопшто не направиле обид да учествуваат. Овие две состојби се во меѓусебна зависност: отсуството на учесници значи и отсуство на непосредни сведоци на процесот, поради што генералната перцепција за процедурите не може ниту да се потврди, ниту да се отфрли.

*Табела 4. Оценка на транспарентноста според искуството со тендери (ред = 100 %)*

| Група | Целосно транспарентни | Делумно транспарентни | Целосно нетранспарентни | Не можат да проценат |
|---|---|---|---|---|
| **Редовно учествуваат и добивале (n=10)** | 90,0% | 10,0% | 0,0% | 0,0% |
| **Учествувале, но не избрани (n=19)** | 15,8% | 47,4% | 5,3% | 31,6% |
| **Никогаш не учествувале (n=117)** | 10,3% | 19,7% | 8,5% | 61,5% |

## 6. Оценка на транспарентност при распределбата на зелените средства и точки на ризик

Најчестиот одговор во анкетата е дека компанијата нема доволно информации или искуство за да даде сопствена проценка за транспарентноста на општината во распределба на овие средства - 53,4%. Тоа е сам по себе наод, во линија со наод каде што граѓаните на прашањето за постоење на контрола и надзор 34% не знаеле да дадат одговорат. Од останатите, 16,4% од сите претпријатија ги оценуваат процесите како целосно транспарентни и фер, 22,6% како делумно транспарентни со задоцнети информации, а 7,5% како целосно нетранспарентни.

Меѓу 68-те компании што даваат оценка, распределбата е 35,3% со одговор дека општината е целосно транспарентна, 48,5% делумно транспарентна и 16,2% целосно нетранспарентна. Индексот на транспарентност, пресметан врз таа основа, изнесува 59,6. Оваа вредност треба да се чита со ограничувањето што е вградено во неа дека е оценка на половината од примерокот што има допир со процесот, а не на целиот бизнис сектор.

Јазот по големина на претпријатијата е доследен: 65,2% од средните и 56,6% од малите претпријатија не можат да проценат, наспроти 49,3% кај микро претпријатијата. Но кај микро претпријатијата е најголем и уделот на најнегативната оценка, 14,9%, наспроти 1,9% кај малите и ниту еден кај средните. Микро претпријатието, значи, почесто има изразено мислење во двете крајности, додека поголемите фирми почесто се воздржуваат од оценка.

***Точка на ризик од корупција*** идентификуваат 55,5% од компаниите. Најчесто е посочена фазата на изведба – преку слаб квалитет на терен со преплатени фактури и пробиени рокови - од 31,5 %. Политичките влијанија и бизнис врските при изборот на зелени проекти ги наведуваат 18,5%, а наместените критериуми во тендерската документација 5,5%. Одговорот дека нема никаков ризик и дека сè се работи со интегритет избрале 44,5%.

*Графикон 8. Најголема перципирана точка на ризик од корупција во општинските климатски и инфраструктурни проекти*




Има значајна разлика во одговорите на бизнисите со оние на граѓаните за оваа прашање за точките на ризик од корупција. Кај граѓаните, 57% сметаат дека корупцијата и злоупотребата на јавни средства во општината се распространети, а најризична точка се јавните набавки и изборот на изведувачи - за 28%. Кај бизнисите, мнозинството сепак идентификува ризик, но речиси половина од примерокот избира одговор што целосно ја исклучува можноста за ризик. Наведуваме неколку објаснувања или претпоставки кои се веројатни и не се исклучуваат меѓу себе.

- *Дел од компаниите немаат искуство врз кое би лоцирале ризик* - меѓу оние што не можат да ја проценат транспарентноста, 50,0% избрале и „нема ризик“, наспроти 15,2% кај оние што ја оценуваат како делумно транспарентна. Со еден можен одговор и без опција „не знам“, „нема ризик“ станува природното место за оној што не знае.
- *Притисокот на општествена посакуван одговор* - компаниите зависат од истата општина за одобрувања, инспекции и идни набавки, и има директна причина да не одговара со тврдење за корупција, дури и во анонимна анкета. Ова не е претпоставка што може да се провери но треба да остане.
- *Само-селекција на примерокот* – компаниите кои се контактирани и од страна на локалните партнери почесто се оние кои имаат постоечка врска со општината.

Заради тоа, вредноста од 44,5% не треба да се толкува како показател за интегритет, туку како мерка на неизвесност и на претпазливост. Аналитички употребливата бројка е онаа од групата со процедурално искуство и без интерес да ја бранат постапката: - оние кои учествувале во постапките но не биле избрани – кај кои само 31,6% велат дека нема ризик, а 42,1% го лоцираат ризикот во фазата на изведба.

Структурата на посочените ризици има и практична последица. Ризикот во фазата на доделување - наместени критериуми - се спречува со подобра тендерска документација и однапред објавени критериуми. Ризикот во фазата на изведба, кој е најчесто посочен, се спречува: со објавување на завршната документација по проектот, на анексите на договорите и на промените во цената и роковите. Токму објавувањето на резултатите по завршен проект беше идентификувано како најдостапна и најевтина мерка и во извештајот за индексите кај граѓаните.

## 7. Доверба во локалната самоуправа

Довербата е поделена, без изразено мнозинство во ниту една насока. Највисоките две оценки ги даваат 43,2 % од фирмите, најниските две 28,1 %, а точно во средината се 28,8 %. Средната оценка изнесува 2,68, а индексот на доверба 58,0. Крајната негативна оценка е ретка - само 3,4 %, односно пет фирми, избираат петка - што е образец на резервираност, а не на отворено недоверие.

Довербата е и најсилно поврзаниот индекс со транспарентноста, со коефициент од 0,68, што е највисоката корелација во матрицата. Фирма што ги оценува процесите како транспарентни речиси секогаш дава и висока оценка за довербата, и обратно.

По општина, најниска доверба имаат фирмите во Струга, 33,8, и во Кочани, 45,0. Кај граѓаните Кочани имаше најниска доверба во институциите во целото истражување, 29,3, а Струга беше општината со највисок перципиран ризик. Совпаѓањето на двата инструмента кај овие две општини е едно од најцврстите совпаѓања во проектот.

*Графикон 9. Доверба во локалната самоуправа за одговорно и правично управување со еколошките и климатските пари*




## 8. Партиципација и консултации со бизнис секторот и идно учество

Поголемиот број на компании никогаш не биле прашани за мислење - 54,1 % од страна на нивните општини, дополнителни 27,4% изјавиле дека консултациите постојат, но се само формални и дадените предлози ретко се прифаќаат. Редовна соработка и вистински јавно-приватен дијалог потврдуваат 18,5%. Заедно, 81,5% од фирмите или воопшто не биле консултирани или сметаат дека консултацијата не дала видлив резултат.

*Графикон 10. Дали локалната самоуправа го консултирала или вклучила бизнис секторот при креирање на локалните еколошки планови, буџети или даночни политики*




*Прашање 10. Именител: сите 146 одговори. Извор: лист „Т4 Партиципација", табела 4.1.*

Споредбата со граѓаните тука е споредлива во апсолутни вредности: општината консултирала 18,5% од фирмите наспроти околу 10 % од граѓаните. Тоа е очекувано, бидејќи бизнис секторот е помал, организиран и полесно достапен како на пример преку комори и здруженија. Наодот што се истакнува е категоријата „само формални консултации" е речиси еднакво голема како категоријата на реална соработка. Формалната консултација без прифатен предлог е ризик сам по себе бидејќи на тој начин се искористува и губи подготвеноста за учество и резултира токму со замореност што потоа се мери како незаинтересираност од чинителите.

*Графикон 11. Интерес за идно вклучување по форма*




Структурата на изразениот интерес е оттука недвосмислена. Најпосакувана е едукацијата за пристап до меѓународни зелени фондови и грантови, кај 35,6%. Форумите за следење на транспарентноста и трошењето на климатските пари интересираат 16,4%, а работилниците за ко-дизајн 11,6%. Истовремено, 59,6% го избрале и одговорот дека не се заинтересирани за директно учество и сакаат само информации за резултатите. Барем една активна форма избираат 44,5%. Односот меѓу трите активни форми на учество е показател за мотивацијата. Формата што носи директна корист за компанијата - обука за пристап до средства - е три пати повеќе побарувана од формата што носи надзорна одговорност - работилница за ко-дизајн на мерки. Тоа претставува природен интерес но влијае за начинот на пристап - обуките се влезната точка, а не форумите за партиципација (обука за зелени фондови, па форум за следење и ко-дизајн како трето ниво за најангажираните).

# 9. Композитни индекси како вкупна слика

**Бизнисите наспроти граѓаните -** На прв поглед, бизнис секторот е поповолен кон општините во сите пет споредливи димензии: повисока свесност, повисока оценка за транспарентност, повисока партиципација, повисока доверба во локалната власт и понизок перципиран ризик.

*Табела 5. Вкупни вредности на шесте композитни индекси за бизнис секторот*

| Индекс | Вредност | Валидни одговори | Ст. девијација | Насока |
|---|---|---|---|---|
| **BAI - Свесност** | 60,0 | 146 | 33,1 | повисоко = подобро |
| **BTI - Транспарентност** | 59,6 | 68 | 34,8 | повисоко = подобро |
| **BPI - Партиципација** | 35,4 | 146 | 26,1 | повисоко = подобро |
| **BCRI - Ризик од корупција** | 45,0 | 146 | 42,3 | повисоко = ПОЛОШО |
| **BTRI - Доверба** | 58,0 | 146 | 28,9 | повисоко = подобро |
| **BGRI - Зелена подготвеност** | 53,2 | 146 | 35,4 | повисоко = подобро |
| **BGOV - Композит за управување** | **47,8** | **146** | **23,2** | **просек од BTI, BPI и BTRI** |

Разликата кај индексот на ризик е најголема, 27,5 поени во поволна насока, а кај довербата 20,0 поени. Споредбата не претставува доказ дека општините работат подобро отколку што граѓаните сметаат туку разликата е потребно да се гледа низ неколку аспекти: примерокот на бизниси е самоселектиран и пристрасен кон фирми со постоечка врска со општината, додека анкетата на граѓани е телефонска, на стратифициран примерок со пондерирање; индексот на транспарентност кај бизнисите е пресметан на 68 фирми, а не на сите 146, и тоа на онаа половина која има допир со процесот; притисокот за општествено посакувани одговори кај бизнисите делува во насока на поповолен одговор, за разлика од анонимниот граѓанин; и прашањата не се идентични. Двете популации (групи на засегнати страни) се наоѓаат на различни позиции во истиот систем. Граѓанинот го гледа системот од надвор, без пристап и без процедурално искуство, и го оценува негативно. Компаниите што имаат пристап го гледаат од внатре и го оценува поволно, додека компаниите што немаат пристап, а тоа е мнозинството, не го оценуваат воопшто. Наодот, оттука не е противречен туку преставува слика од две страни која укажува дека системот е слабо видлив за оние што не се во него.

*Графикон 12. Индексите кај бизнисите и кај граѓаните*



## Врски меѓу индексите

- *Свесноста и познавањето на концептот делува кон подобрени инвестиции но не и подобрување на надзорната улога на деловните чинители* **-** Најсилната врска на индексот на свесност/познавање е онаа со зелената подготвеност, 0,64. Со транспарентноста корелацијата е умерена, 0,39, а со перципираниот ризик е практично отсутна, минус 0,13. Ова е споредливо со наодот кај граѓаните, каде перцепцијата за корупцијата беше показател што воопшто не се разликуваше меѓу информираните и неинформираните, 57 наспроти 58%. Кај двете популации, знаењето и оценката за интегритетот се независни димензии. Оттука едукативните активности ќе произведат повеќе апликации и следствено повеќе реализирани зелени инвестиции, но нема сама по себе да ја помести перцепцијата за ризик.
- *Транспарентноста и довербата се поврзани* - корелацијата изнесува 0,68 и е највисока во матрицата, а транспарентноста е и најсилно негативно поврзана со перципираниот ризик, минус 0,56. Тоа значи дека оценката за отвореноста на постапката е најблиску до тоа што кај претпријатијата го нарекуваме доверба, и е практичен аргумент за општините: подобрувањето на видливоста на постапката е статистички поврзано со пониска перцепција за ризик кај сопствениот локален бизнис, што е економски, а не само етички аргумент.
- *Партиципацијата е слабо поврзана со сè останато* **–** со корелации умерени до слаби: 0,42 со транспарентноста, 0,30 со довербата, 0,29 со зелената подготвеност и само 0,22 со свесноста. Подготвеноста за вклучување, не произлегува автоматски ниту од знаење, ниту од поволна оценка за општината и е независен процес кој бара сопствена интервенција.

*Графикон 16. Корелации меѓу индексите на ниво на поединечна фирма*




**Разлики по големина и по сектор -** Градиентот по големина е монотон кај пет од шесте индекси и е најсилен кај свесноста и кај зелената подготвеност за инвестиции. Микро претпријатието има свесност-познавања од 44,3 и зелена подготвеност од 35,3, додека

средното има 89,9 и 81,2. Перцепираниот ризик се движи во спротивна насока, од 48,8 кај микро до 36,2 кај средните претпријатија. Единствен исклучок од монотоноста е партиципацијата, каде малите претпријатија имаат најниска вредност, 31,6, пониска и од микро претпријатијата. Најверојатно објаснување е капацитетот: малото претпријатие е доволно големо да има сложени обврски, но недоволно големо да одвои вработен специјализиран за односи со локалната власт или за следење на темата.

Оттука мерки за микро претпријатијата не треба да бидат исти како за средните претпријатија. Кај средните претпријатија е доволна информација за постоење на фонд, бидејќи внатре постојат капацитети да ја преточат во апликација. Додека кај микро претпријатијата е потребна самата услуга - помош при подготовка на документацијата, обрасци по мерка, здружено аплицирање преку комора или општина, и слично.

Секторски, производството, индустријата и градежништвото имаат повисоки вредности од трговијата и услугите во давањето на оценката за транспарентноста, и тоа 75,0 наспроти 58,1, кај партиципацијата, 39,3 наспроти 34,3, и кај композитот за управување, 52,7 наспроти 48,1. Ваквото оценување е очекувано, бидејќи овие сектори се најчести понудувачи на општинските тендери, па има и искуство и информации. Земјоделството со девет и информациската технологија со осум одговори покажуваат највисок перципиран ризик, 70,4 и 87,5, но поради нискиот број на одговори вредностите се само насока за понатамошна проверка, но не и како издржан наод.

*Графикон 14. Композитни  индекси по големина на претпријатието*




*Табела 6. Индексите по големина на претпријатието*

| Големина | BAI | BTI | BPI | BCRI | BTRI | BGRI | BGOV | n |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Микро (1–9)** | 44,3 | 51,5 | 34,7 | 48,8 | 56,3 | 35,3 | 45,5 | 67 |
| **Мало (10–49)** | 64,8 | 60,9 | 31,6 | 46,6 | 57,5 | 61,0 | 46,6 | 53 |
| **Средно (50–249)** | 89,9 | 75,0 | 44,7 | 36,2 | 60,9 | 81,2 | 53,4 | 23 |
| **Големо (250+)** | 100,0 | 100,0 | 49,2 | 0,0 | 83,3 | 100,0 | 77,5 | 3 |

## Општински профили - преглед

*Графикон 13. Композитни индекси по општина, подредени по композитот за управување (BGOV)*




*Табела 7. Индексите по општина, подредени по композитот за управување*

| Општина | BAI | BTI | BPI | BCRI | BTRI | BGRI | BGOV | n | n за BTI |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 66,7 | 70,8 | 47,6 | 23,8 | 86,9 | 60,3 | 67,4 | 21 | 12 |
| **Боговиње** | 46,7 | 75,0 | 52,0 | 43,3 | 72,5 | 46,7 | 64,8 | 10 | 6 |
| **Крива Паланка** | 61,6 | 91,7 | 43,8 | 18,0 | 76,9 | 53,8 | 63,8 | 13 | 6 |
| **Босилово** | 54,2 | 50,0 | 48,8 | 50,0 | 53,1 | 45,8 | 49,4 | 8 | 3 |
| **Свети Николе** | 42,9 | 70,0 | 30,4 | 38,1 | 60,7 | 42,9 | 46,0 | 14 | 5 |
| **Гази Баба** | 78,2 | 70,8 | 25,6 | 37,9 | 54,3 | 71,3 | 43,3 | 29 | 12 |
| **Демир Хисар** | 44,4 | 28,6 | 41,2 | 58,3 | 47,9 | 22,2 | 41,8 | 12 | 7 |
| **Кочани** | 75,6 | 60,0 | 30,5 | 53,3 | 45,0 | 68,9 | 40,4 | 15 | 5 |
| **Струга** | 48,3 | 25,0 | 23,1 | 73,3 | 33,8 | 40,0 | 27,2 | 20 | 10 |
| **ВКУПНО (сите 146)** | **60,0** | **59,6** | **35,4** | **45,0** | **58,0** | **53,2** | **47,8** | **146** | **68** |

*Општини каде двата инструмента се совпаѓаат:*

- **Струга** има најниски вредности како и во оценките од граѓаните: транспарентност 25,0, перципиран ризик 73,3, доверба 33,8, партиципација 23,1, композит за управување 27,2. Кај граѓаните вредностите беа TI 24,9, CRI 82,3, PI 11,3 и композит 19,1. Кај оваа општина и двата сегменти - двете различни популации, даваат резултат во иста насока кај четири индекси.
- **Кочани** има ниска доверба меѓу општините во бизнис примерокот, 45,0, и кај граѓаните имаше ниска доверба 29,3. Истовремено, свесноста- познавањето и зелената подготвеност за инвестиции во Кочани се меѓу високите, 75,6 и 68,9. Па како и кај извештајот за граѓаните, предизвикот во Кочани не е информираност, туку недоволен кредибилитет.
- **Гази Баба** ја има највисоката свесност во примерокот, 78,2, и висока зелена подготвеност, 71,3, но партиципација од само 25,6. Во најголемата и најурбанизирана општина, и граѓаните и фирмите знаат за темата, но не се доволно вклучени

*Општини каде двата инструмента се разидуваат*

- **Демир Хисар** - кај оценките од граѓаните општината има највисоки вредности на позитивните индекси, со транспарентност од 57,2 и најповолен индекс на ризик. Кај бизнисите има најниска зелена подготвеност во примерокот, 22,2, оценка за транспарентност од 28,6 и перципиран ризик од 58,3. Разидувањето не нужно значи противречност, туку може да укажува дека општината добро комуницира со населението за еколошките проекти и нема економска структура или програми што ги активираат локалните фирми диктирано и од големината на општината Демир Хисар како најмала општина.
- **Делчево и Крива Паланка** се разидуваат во спротивна насока двете групи на популации. Кај граѓаните имаа висока свесност со слаб институционален одзив и висок перципиран ризик, 74,4 и 69,0. Кај бизнисите ги имаат двата најниски индекси на ризик, 23,8 и 18,0, и повисоки вредности на доверба, 86,9 и 76,9. Оттука, веројатно во двете помали општини постои функционален, но затворен круг локални фирми со редовен контакт со општината, и додека бизнисите од внатре со нивните оценки се мерат како доверба, од надвор како граѓани се рефлектира како недоволна транспарентност
- **Боговиње** покажува највисока партиципација на бизнис секторот, 52,0, при најниска запознаеност со концептот. Кај граѓаните Боговиње општината има висок удел одговори „не знам“, додека кај претпријатијата тој образец не се повторува односно фирмите во Боговиње даваат свои оценки

# Заклучоци и препораки

## *Клучни заклучоци*

**Главната поделба во бизнис секторот не е меѓу општините, туку меѓу оние што имаат пристап до општинските зелени набавки и оние што го немаат.** Десет фирми што редовно добиваат тендери имаат речиси идеални вредности низ сите шест индекси; деветнаесет што учествувале и никогаш не биле избрани имаат четирикратно повисок перципиран ризик; 117 што никогаш не се јавиле во мнозинство не можат ниту да проценат. Со 80,1 % фирми што никогаш не влегле во постапка, општинскиот пазар на зелени набавки нема доволно учесници за да произведе ниту конкуренција ниту сведоци на постапката.

**Поповолната оценка на бизнис секторот не е показател за подобра состојба.** Таа е производ на два фактора што делуваат во иста насока: задоволство на мал круг со пристап и неоценување од голем круг без пристап, засилени од самоселекцијата на примерокот и од реалната зависност на фирмата од општината. Уделот од 44,5 % што избрал „нема никаков ризик“ се чита како мерка на неизвесност и претпазливост, а не како мерка на интегритет. Аналитички употребливата оценка доаѓа од неизбраните понудувачи, кај кои само 31,6 % велат дека нема ризик.

**Знаењето и интегритетот се независни димензии кај двете популации.** Индексот на свесност е силно поврзан со зелената подготвеност, 0,64, и практично неповрзан со перципираниот ризик, минус 0,13. Истото се покажа и кај граѓаните, каде перцепцијата за корупција беше идентична меѓу информираните и неинформираните. Тоа значи дека едукативните активности имаат мерлива, но еднонасочна корист: повеќе апликации и повеќе реализирани инвестиции, не подобра оценка за интегритетот. За второто е потребна промена во видливата практика.

**Најголемата бариера за зелена инвестиција е информациска онолку колку и финансиска.** Цената како пречка ја наведуваат 62,9 % од фирмите што слушнале за поимот но не знаат како се применува, и само 2,4 % од оние што одлично го познаваат. Со 28,8 % фирми во категоријата „премногу скапо или без поддршка“ наспроти 18,5 % во категоријата „не е релевантно“, латентната побарувачка е поголема од вистинската незаинтересираност.

**Изразениот интерес за учество е повеќекратно поголем од подготвеноста за обврзување.** Барем една активна форма избрале 65 фирми, а контакт оставиле пет. Најпобаруваната форма е онаа што носи директна корист за фирмата, обуката за зелени фондови, кај 35,6 %, додека ко-дизајнот на мерки, што носи надзорна одговорност, интересира 11,6 %. Планирањето на активностите треба да тргне од оставените контакти, а не од процентот на изразен интерес.

## *Клучни Препораки*

- Насочување на мерките кон фазата на изведба, а не само кон фазата на доделување. Најчесто посочената точка на ризик е слабиот квалитет со преплатени фактури и пробиени рокови, кај 31,5 % вкупно и кај 42,1 % од неизбраните понудувачи. Тоа значи објавување на завршната документација по проект, на анексите на договорите и на промените во цената и роковите - истата мерка што и во извештајот за индексите кај граѓаните беше идентификувана како најдостапна и најевтина.
- Однапред објавени и непроменливи критериуми за секој зелен тендер и за секоја субвенција, со објавено образложение на изборот. Ова адресира и втората посочена точка, политичките влијанија и бизнис врските, кај 18,5 %.
- Комуницирање кон општините на економскиот, а не етичкиот аргумент. Корелацијата меѓу транспарентноста и довербата, 0,68, и негативната врска меѓу транспарентноста и перципираниот ризик, минус 0,56, се проверливи бројки: подобрувањето на отвореноста на постапката е статистички поврзано со поповолна оценка од сопствениот локален бизнис.
- Поставување на обуките за пристап до меѓународни зелени фондови како прва и приоритетна активност. Тоа е најпобаруваната форма на вклучување, кај 35,6 %, и истовремено мерката што директно ја адресира бариерата идентификувана во поглавје 5.
- Обуките да вклучат подготовка на документација, а не само преглед на можностите, и да бидат диференцирани по големина: за средните е доволна информација, за микро претпријатијата е потребна услуга на подготовка или здружено аплицирање преку комора или општина.
- Насочување кон категоријата „премногу скапо или немаме поддршка“, 28,8 % од примерокот, како примарна целна група. Тие имаат препознаена потреба и препознаена бариера, што ги прави најверојатни корисници на секоја нова мерка.
- Скалеста понуда за вклучување во три нивоа: обука за зелени фондови како влезна точка, форум за следење како втор чекор, ко-дизајн на мерки како трето ниво. Односот на изразен интерес, 35,6 спрема 16,4 спрема 11,6 %, ја диктира точно таа секвенца.
- Строго разграничување на формалната од вистинската консултација. Со 27,4 % фирми што велат дека консултациите се само формални, секоја нова активност треба да има објавен резултат - што било предложено, што било прифатено и што не било, со образложение.

- Проектирање на бројот на учесници од оставените контакти, а не од изразениот интерес. Односот е дваесет спрема еден.
- Потврдување на насоката на скалата кај прашањето за доверба со самиот образец на прашалникот, пред објавување.

## 13.6 Приоритетна насока по општина

*Табела 8. Приоритетна насока по општина*

| Општина | Клучен наод од бизнис секторот | Приоритетна насока |
|---|---|---|
| **Струга** | Најслаба транспарентност, највисок ризик, најниска доверба - целосно совпаѓање со наодите кај граѓаните | Приоритетна општина. Секоја активност мора да биде проследена со видлив, проверлив чекор од администрацијата, првенствено со објавена завршна документација по зелен проект |
| **Кочани** | Најниска доверба меѓу општините при висока свесност и висока зелена подготвеност | Демонстрација на конкретни, проверливи резултати наместо едукација за поимот |
| **Гази Баба** | Највисока свесност и зелена подготвеност, но најниска партиципација - ист образец како кај граѓаните | Форма со минимален почетен ангажман; локално конкретна комуникација наместо општа порака за зелени финансии |
| **Демир Хисар** | Најниска зелена подготвеност во примерокот, спротивно на наодите кај граѓаните | Проверка со дополнителни одговори; истовремено мапирање дали воопшто постои локална деловна база за зелени набавки |
| **Делчево** | Најповолна оценка од бизнисот при висок перципиран ризик кај граѓаните | Отворање на постојниот круг на локални фирми: адресна покана кон фирми што никогаш не учествувале |
| **Крива Паланка** | Втора најповолна оценка од бизнисот, но BTI е пресметан на шест одговори | Иста насока како Делчево; проширување на примерокот пред цитирање на вредностите |
| **Боговиње** | Највисока партиципација на бизнис секторот при најниска свесност | Основна информација за поимот и за расположливите фондови; искористување на веќе постојната подготвеност за вклучување |
| **Свети Николе** | Најниска свесност меѓу поголемите групи при поволна оценка за транспарентноста | Обуки за пристап до фондови; надградување на веќе постојниот комуникациски капацитет од анкетата на граѓани |
| **Босилово** | Осум одговори, од кои три можат да оценат транспарентност | Приоритетно зголемување на бројот на одговори во втор бран пред каква и да е општинска мерка |

# Анекс 1. Матрица на бодување на индексите

Извор на податоците и ограничувања

Сите податоци во овој извештај произлегуваат од одговорите на прашалникот за бизниси, со 146 одговорени прашалници. Вредностите за граѓаните, користени за споредба на некои места во текстот, се врзани со двата документа на истиот проект: основниот наративен извештај од телефонската анкета на 1.006 полнолетни испитаници во деветте општини, спроведена од 8 до 27 август 2026 година, и дополнителниот аналитички извештај со шесте композитни индекси. Ограничувањата наведени во тие два документа важат за нивните вредности во целост.

Ограничувањата на овој инструмент, наведени погоре важат за секој наод без исклучок и накратко: примерокот е самоселектиран и не е репрезентативен за структурата на фирмите, маргина на грешка не се пресметува, индексот на транспарентност е пресметан на 68 од 146 одговори, општинските вредности се засноваат на 8 до 29 одговори, а насоката на скалата кај прашањето за доверба е изведена емпириски. Ниту еден наод од овој извештај не треба да се цитира како процена за бизнис секторот во Северна Македонија; сите наоди се опис на овие 146 фирми и се користат како дијагностички профил за понатамошно насочување.

Овој извештај е дополнителен аналитички слој, наменет да ги дополни, а не да ги замени наодите од претходните два документа. Каде што бројките од трите документа се однесуваат на поврзани прашања, разликите се именувани и објаснети, а совпаѓањата се посочени како сигнали.

Матрица на бодување

Скала 0–100 важи за секој индекс. Одговорите „немам доволно информации за да проценам“ се исклучени и од броителот и од именителот, по истата методолошка одлука кај одговорите „не знам“ во индексите за граѓаните.

| Индекс | Категорија на одговор | Бод | Прашање |
|---|---|---|---|
| **BAI** | Да, одлично сме запознаени и ги следиме можностите | 100 | Прашање 4 |
| **BAI** | Делумно ни е познато, но немаме детални информации | 66,7 | Прашање 4 |
| **BAI** | Имаме слушнато, но не знаеме како тоа се применува кај нас | 33,3 | Прашање 4 |
| **BAI** | Не, првпат слушаме | 0 | Прашање 4 |
| **BTI** | Процесите се целосно транспарентни и фер | 100 | Прашање 7 |
| **BTI** | Процесите се делумно транспарентни, но информациите доцнат | 50 | Прашање 7 |
| **BTI** | Процесите се целосно нетранспарентни / сè е однапред договорено | 0 | Прашање 7 |
| **BTI** | Немам доволно информации/искуство за да проценам | исклучено | Прашање 7 |
| **BCRI** | Нема никаков ризик, сметам дека сè се работи со интегритет | 0 | Прашање 8 |
| **BCRI** | Слаб квалитет на изведба на терен со преплатени фактури и пробиени рокови | 66,7 | Прашање 8 |
| **BCRI** | Наместени критериуми во тендерската документација | 100 | Прашање 8 |
| **BCRI** | Политички влијанија и бизнис врски при изборот на зелени проекти | 100 | Прашање 8 |
| **BTRI** | Оценка 1 до 5, пресметано како (5 − оценка) ÷ 4 × 100 | 0–100 | Прашање 9 |
| **BPI (a)** | Да, редовно имаме соработка и јавно-приватен дијалог | 100 | Прашање 10 |
| **BPI (a)** | Консултациите се само формални, предлозите ретко се прифаќаат | 50 | Прашање 10 |
| **BPI (a)** | Не, никогаш никој нè нема прашано за мислење | 0 | Прашање 10 |

| Индекс | Категорија на одговор | Бод | Прашање |
|---|---|---|---|
| **BPI (б)** | Ко-дизајн на мерки (највисока избрана форма) | 100 | Прашање 11 |
| **BPI (б)** | Јавно-приватен дијалог (највисока избрана форма) | 75 | Прашање 11 |
| **BPI (б)** | Едукација (највисока избрана форма) | 50 | Прашање 11 |
| **BPI (б)** | Само информации за резултатите | 15 | Прашање 11 |
| **BGRI** | Да, веќе имаме реализирано такви инвестиции | 100 | Прашање 5 |
| **BGRI** | Во план сме да инвестираме во следните 12–24 месеци | 66,7 | Прашање 5 |
| **BGRI** | Не, премногу скапо е / немаме поддршка | 33,3 | Прашање 5 |
| **BGRI** | Не, темата не е релевантна за нашиот бизнис | 0 | Прашање 5 |

# Анекс 2. Прашања од инструментот

1. Во која општина е регистрирана или примарно работи Вашата компанија?

2. Која е големината на Вашата компанија / правен субјект?

3. Во кој сектор припаѓа Вашата примарна дејност?

4. Дали сте запознаени со поимот „климатско/зелено финансирање“ (фондови, субвенции и даночни олеснувања за енергетска ефикасност, обновливи извори, намалување на отпад)?

5. Дали Вашата компанија досега инвестирала сопствени средства или користела надворешни фондови за зелена транзиција (на пр. фотоволтаици, изолација, еколошки машини)?

6. Дали Вашата компанија досега учествувала на општински јавни набавки (тендери) поврзани со инфраструктура, енергетска ефикасност или заштита на животната средина?

7. Како ја оценувате транспарентноста на Вашата општина при распределбата на еколошките субвенции и доделувањето на „зелените“ тендери?

8. Каде го гледате најголемиот ризик од корупција во општинските климатски и инфраструктурни проекти? (Изберете 1 одговор)

9. Оценете ја Вашата доверба во локалната самоуправа (Градоначалник и општинска администрација) дека одговорно и правично управува со еколошките и климатските пари.

10. Дали локалната самоуправа досега го консултирала или вклучила бизнис секторот при креирање на локалните еколошки планови, буџети или даночни политики?

11. Во кои активности од овој проект би сакала Вашата компанија да се вклучи во иднина? (Може да изберете повеќе одговори)

12. Доколку сте заинтересирани за вклучување во работилниците за ко-дизајн, форумите или бесплатните обуки за зелени фондови за бизнис секторот, оставете контакт (име на компанија, е-маил и телефон).